Бр. 09-85
23.6.2017 год.
Скопје

Врз основа на член 6 и 7 од Правилникот за избор на научници на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје кои покажуваат врвни резултати во научноистражувачката дејност ( Универзитетски весник бр.298 од 2.9.2014 год.), и Конкурсот за избор на најдобри научници на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" за 2016 година, Одборот за избор на научници на Универзитетот на својата седница одржана на 22.6.2017 година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
**за избор на најдобри научници на Универзитетот**
**„Св. Кирил и Методиј" за 2016 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдуваат најдобрите научници на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје кои во календарската 2016 година покажаа врвни резултати во научноистражувачката дејност:

1. за природно-математички науки – проф. д-р Мимоза Ристова, Природно-математички факултет;
2. за техничко-технолошки науки – проф. д-р Игор Јорданов, Технолошко-металуршки факултет
3. за медицински науки – проф. д-р Љубица Георгиевска – Исмаил, Медицински факултет;
4. за општествени науки – проф. д-р Анита Циунова - Шулеска, Економски факултет;
5. за уметности – проф. Живојин Глишиќ, Факултет за музичка уметност.

**Член 2**

На избраните научници, по утврден износ на Ректорот, им се исплаќа еднократно авторски надомест во износ од 60.000,00 денари.

Средствата се исплаќаат од Програмата за финансирање на видот и обемот на интегративните функции на Универзитетот за 2017 година – ставка 4. активности поврзани со научноистражувачката дејност.

**Член 3**

Промоцијата за доделување на наградите на најдобрите научници на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје ја врши ректорот на Универзитетот.

**Член 4**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

**Ректор**

**проф. д-р Никола Јанкуловски**

Бул. Гоце Делчев бр. 9, 1000 Скопје, П.Ф. 576
Република Македонија
телефон +389 2 3293 293 факс +389 2 3293 202 ректор + 389 2 3293 200
www.ukim.edu.mk